 18.3.'99



35 ГОДИНИ НА МУЗЕЈОТ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

Колекцијата е национално богатство

По повод 35 годишниот јубилеј на Музејот, утре ќе биде отворена приказ-изложбата на стотина уметнички дела од меѓународни и национални автори, кои припаѓаат на колекцијата што ја поседува Музејот и која вкупно брои 5000 дела

„Во еден дел ќе бидат изложени уметнички дела од меѓународната колекција, а во посебен дел ќе бидат изложени дела од националните автори. Со години наназад, Музејот, правел изложби од овој тип, но оваа презентација ќе биде најобемна- стоте селектирани дела ќе бидат поставени речиси низ целата институција„ изјави за „Македонија денес„ директорот на Музејот за современа уметност, Зоран Петровски. „Поголемиот дел од делата, а особено меѓународната колекција се стекнати по пат на донации. По земјотресот 1963 година, Скопје, во знак на солидарност доби серија дела, кои беа основната база да се формира Музејот. Колекцијата е сместена во депоата на оваа институција, бидејќи таму е најдобро заштитена во смисол на температура, влажност, светлина... Причина за нечестото изложување на делата е немањето соодветни услови. Станува збор за стандарните проблеми што веќе подолго време го мачат Музејот - прокиснувањето на покривот, влагата, неусогласеноста на потребната температура и сл. Конечно, оваа година се надеваме дека ќе изнајдеме вистинско решение за комплетно санирање на проблемите„ најавува Петровски.

Музејот располага со 2000 квадратни метри простор, кој не е посериозно оштетен и кој ќе биде искористен за оваа презентација. Делата ќе бидат изложени еден месец, а потоа ќе се направи прекин поради реализирањето на други предвидени проекти, како што е ретроспективната изложба на Стефан Маневски и изложбата на фотографии на режисерот Милчо Манчевски.

„За жал, окупирани сме со секојдневни проблеми и од таа причина уметноста ја конзумираме во многу мали количини, полека го губиме чувството на вредностите што ги имаме. Затоа, сакаме македонската јавност да ја потсетиме и да ги покажеме пред неа националните вредности што оваа држава ги има. Колекцијата многу малку и ретко се збогатува со текот на времето, или барем не онака како што ние би сакале и како би можело. Музејот постои заради тие колекции, преку нив се формираат критериумите и историјата на уметност во еден простор и едно време„.

Со оглед на догогодишната традиција и клучното значење на Музејот во формирањето на повоената македонска уметност, логично е настојувањето за подобрување на условите за неговото функционирање: „Желба, не само моја, туку и на сите оние кои се директно поврзани со Музејот, е тој да постои и функционира и понатаму уште 35 години и повеќе од тоа. Сакаме збирката на уметнички дела да се збогатува за да имаме што да и покажеме на јавноста„.

За идните планови на Музејот, Петровски најавува: „Ќе се обидеме да направиме некои акции, кои ќе значат проширување на можностите на Музејот да ги остварува своите цели. Тоа значи да се средат проблематичните инфраструктурни состојби, за чие санирање постои надеж и отворање простор за поагресивно работење на Музејот во однос на јавноста и нејзината едукација„.

Ивана Тасев

Утре, напладне, Музејот на современа уметност, ќе биде домаќин на лордот Расел Џонсон, претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа, кој веќе неколку дена престојува во Скопје. Лордот е познат како добар познавач на сликарството и, особено, на современите ликовни тенденции во светот.